errc
european roma rights centre

Madách tér 4
Hungary – 1074 Budapest
Office Tel: +36 1 413 2200
Office Fax: +36 1 413 2201
E-mail: office@errc.org
www.errc.org

# ЕЦПР(ERRC) ја оспорува дискриминацијата на Ромите на границите пред Уставниот Суд на Република Македонија

**Будимпешта, Скопје, 26 Февруари 2014:** Европскиот Центар за Правата на Ромите поднесе иницијатива пред Уставен суд на Република Македонија, сметајќи дека измените во рамки на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија(основите за одземање на пасошите, како и опструкциите на правото да се напушти земјата) се во колизија со Уставот на Република Македонија како и со меѓународните регулативи за заштита на човековите права и слободи.

Граѓаните на Република Македонија од 19ти Септември можат слободно да патуваат без визи во Шенген зоната и пошироко. Граѓаните на Македонија исто така го уживаат правото слободно да ја напуштат својата земја.




ЕЦПР(ERRC) е информиран дека повеќето Роми во Македонија не се во можност да го остваруваат ова право и се предмет на дискриминаторски практики и несоодветен однос од страна на граничните службеници при обид да ја напуштат земјата.

ЕЦПР(ERRC) спроведе истражување на ова прашање и резултатите од истото укажуваат на спроведени расно-мотивирани, дискриминаторски практики на границите од страна на граничните службеници.

Во период од 2011 до 2013, ЕЦПР(ERRC) документираше 74 случаи од Роми индивидуалци на кои не им бил дозволен излез од земјата како и 24 случаи на кои им бил одземен пасошот од страна на македонските гранични службаници. Дополнително, ЕЦПР(ERRC) работејќи на терен беше информиран за дополнителни 50 случаи.

90% од случаите кои се документирани од страна на ЕЦПР(ERRC) укажуваат на тоа дека само од Ромите им било побарано докази за оправдување на нивното патување(во случаи кога Роми и не-Роми патувале заедно). Понатака, на 60% од Ромите кои биле вратени од граница, од страна на граничните службеници им било кажано дека така им е наредно да ги враќаат. Очигледно им е наредено да делуваат на основ на етничка припадност. На 30% од засегнатите Роми, експлицитно им било кажано дека неможат да ја поминат границата поради нивната етничка припадност т.е. неможат да поминат само поради фактот што се Роми.

ЕЦПР(ERRC) во својата иницијатива пред уставниот суд, побара од највисокиот правен орган на земјата да се изјасни во однос на измените и дополнувањата на Законот за патни исправи на државјаните на Р.Македонија - обозможувањето одземање на пасошите во различни околности да се смета за неуставен. Законот во моментов им дава на властите прекумерна моќ да имаат основи за одземање на пасошите и овие овластувања значително ја влошуваат ситуацијата на македонските Роми кои сакаат да го остварат правото на слобода на движење.

Извршниот директор на ЕЦПР(ERRC) изјави: "Проблемите со кој се соочуват Ромите нема да исчезнат со незаконско спречување да патуваат. Напротив, дискриминацијата на границите создава нови пречки за интеграција на Ромите и почитувањето на правата на Ромите"

ЕЦПР(ERRC) ги повикува македонските власти да ги истражат тврдењата за расна дискриминација од страна на граничната полиција и да иницираат процедура против одговорните службеници за незаконските дејства. Мора да се воведат прописи кои ќе овозможат еднакво уживање на правото на слобода на движење на Ромите со не-Ромите во Република Македонија.

Наодите од истражувањето на ЕРЦП(ERRC) се достапни тука на англиски и македонски јазик.

За дополнителни информации, контактирајте го:

Sinan Gökçen
Media and Communications Officer
European Roma Rights Centre
Tel. +36.30.500.1324
sinan.gokcen@errc.org